АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ
Бр. 01-156/1
11.07. 2023 год.
СКОПЈЕ

Q2

# АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ

# Втор квартален Извештај за 2023 година

**Годишна Програма за работа на Агенцијата за пошти за 2023 година**

[Стручна служба на Агенцијата за пошти]

Јули, 2023 година

*Согласно член 19 став 3 од Законот за поштенските услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.158/10, 27/14, 42/14, 187/14, 146/15, 31/16, 190/16, 64/18, 248/2018, бр.27/2019 и “Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 275/2019, бр.150/2021 и 227/2022 ), директорот на Агенцијата за пошти има обврска да ѝ поднесува на Комисијата квартални извештаи за спроведување на Годишната програма за работа на Агенцијата за пошти за 2023 година*

## СОДРЖИНА

1. Легислатива ............ 3
2. Управни постапки ............ 6
3. Осигурување на обезбедување на универзалната услуга ............ 7
4. Лиценцирање ............ 8
5. Конкуренција во поштенскиот сектор ............ 12
6. Регистар на даватели на поштенски услуги ............ 13
7. Судски постапки и постапки за присилно извршување ............ 16
8. Надзор ............ 20
9. Заштита на правата на корисниците ............ 22
10. Анализа на пазарот ............ 30
11. Соработка ............ 33
12. Јакнење на институционалните капацитети ............ 36
13. Јавни набавки ............ 39
14. Транспарентност ............ 40
15. Реализација на Финансискиот План за 2023 година и состојба на побарувањата и обврските - втор квартал ............ 43

## РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА ЗА 2023 ГОДИНА

Во периодот од април,мај и јуни 2023 година (во натамошниот текст: втор квартал) беа реализирани следните активности кои се предвидени во Годишната програма за работа на Агенцијата за пошти за 2023 година бр.01-249/5 од 28.11.2022 година.

### 1. Легислатива

#### 1.1. Општи акти на Агенцијата

Во вториот квартал, Агенцијата за пошти нема донесено подзаконски и општи правни акти.

Комисијата на Агенцијата за пошти го разгледа **Нацрт - Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Стручната служба на Агенцијата за пошти**.

Комисијата на Агенцијата за пошти, на предлог на директорката, даде согласност за **Измена на Годишниот план за вработување за 2023 година на Агенцијата за пошти бр. 02-151/1 од 28.06.2023 година**.

Во вториот квартал согласно член 12 став 3 од Законот за поштенските услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/2010, 27/2014, 42/2014, 187/2014, 146/2015, 31/2016, 190/2016, 64/2018, 248/2018, 27/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија„ бр. 275/2019, 150/2021 и 227/2022 – во натамошниот текст: ЗПУ), **Годишниот Извештај за работа на Агенцијата за пошти за 2022 година бр.01-91/5 од 28.03.2022 година и Годишниот Извештај за работа на Агенцијата за пошти за 2022 година бр.01-93/6 од 28.03.2021 година** (кои беа доставени до Собранието на Република Северна Македонија во законски предвиден рок), **беа разгледани на 26-та седница на Комисијата за транспорт, врски и екологија на 18 мај 2023 година**.

Врз основа на член 12 став 4 од ЗПУ, Собранието на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 14 јуни 2023 година донесе **Одлука за**

**одобрување на Годишната програма за работа на Агенцијата за пошти за 2023 година** (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 126/2023).

Според законските одредби, Агенцијата за пошти ја достави за објавување до Службен весник на Република Северна Македонија **Одлуката за определување на вредност на поенот за пресметување на годишниот надоместок за 2023 година.** Одлуката беше објавена во Службен весник на Република Северна Македонија бр. 130 на 22.06.2023 година. Согласно Одлуката во следниот период ќе се изготват и достават Решенија за годишен надоместок за 2023 година за сите лиценцирани даватели на поштенски услуги.

### 1.2. Закон за поштенските услуги

Започнатите активности во декември 2022 година за измена и дополнување на ЗПУ продолжија и во вториот квартал од 2023 година. Работната група формирана за подготовка на измени и дополнувања на ЗПУ работеше на нацрт текстот на ЗПУ. Со измените на Законот ќе се доуреди делот на дефинирање и опфат на универзалната услуга, дефинирање на поштенските услуги, доставата на поштенските пратки, пристапот до мрежа согласно со меѓународните стандарди, финансирањето на Агенцијата за пошти, како и усогласување на националното законодавство со acquis, вклучувајќи ја и Регулативата за меѓународна достава на пакети 2018/644 на ЕУ.

### 1.3. Мислење и забелешки за Предлог на Законот за патен сообраќај

На барање од Министерството за транспорт и врски на Република Северна Македонија, Агенцијата за пошти го разгледуваше Предлог на Законот за патен сообраќај во делот на регулација на поштенските услуги. Во таа насока Агенцијата за пошти изготви мислење (доставено до надлежното Министерство на 28.04.2023 година) со нацрт верзија на одредбите од членовите 3,30,77, 137, 140 и 143, кои се однесуваат на третманот на предмети кои се превезуваат со автобуси и авто такси превозот (превоз на друг багаж непридружен од патник). Агенцијата за пошти сметаше дека потребата за јасно и прецизно регулирање на тоа што преставува багаж произлегува од повеќедецениската пракса при

превозот на патници со автобус, за паричен надомест да се превезува и друг багаж непридружен од патник (документи и стока), што претставува нелиценцирана поштенска дејност или т.н. „сив пазар со автобуси и такси„. Вториот пунк на кој Агенцијата за пошти испрати забелешки во форма на нацрт верзија за дополнување на одредбата за дефиниции од член 3 беше во насока на дефинирање на поимот поштенско возило. Потребата од дефиниција за тоа што претставува поштенско возило беше со цел да се изврши јасно разграничување на транспортните од поштенските услуги, особено во економскиот контекст на развиена конкуренција во секторот поштенски услуги.

### 1.4. Поткомитет за внатрешен пазар и конкуренција

На 26.04.2023 година во Скопје, се одржа 18-от состанок на Поткомитетот за Внатрешен пазар и конкуренција, Поглавје 3 – „Право на основање и слобода на давање услуги" – 3.3. Поштенски услуги, на кој учествуваа директорката на Агенцијата за пошти, Билјана Аврамоска Ѓореска и раководителката на Директоратот за следење и анализа на пазарот, Данијела Спасиќ Томовска.

На состанокот во рамките на сесијата за Поштенските услуги беа дадени одговори за постигнатиот напредок во делот на усогласување на националното законодавството со Регулативата за меѓународна достава на пакети 2018/644 на ЕУ, изготвување на Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за поштенските услуги, воведување на системот за посебно сметководство од страна на давателот на универзалната услуга, мерење на квалитетот на поштенските услуги, како и за активностите кои се преземени во насока на реализација на претстојната TAIEX мисија. Последователно, по одржување на Поткомитетот за внатрешен пазар и конкуренција до Агенцијата за пошти беа доставени предлог заклучоци со насоки за понатамошно приближување кон европското законодавство, според кои треба да се имплементира целосна либерализација на пазарот за поштенски услуги, да се продолжи со

усогласување на националното законодавство со acquis, вклучувајќи ја и новата Регулатива за меѓународна достава на пакети 2018/64.

## 2. Управни постапки

Во текот на вториот квартал, Агенцијата за пошти постапуваше по **10 управни предмети** од нејзина надлежност, од кои 3 предмети беа пренесени од првиот квартал. Постапките по сите 10 предмети беа завршени во вториот квартал.

Дел од постапките, односно **7 управни предмети беа поведени по службена должност** од страна на Агенцијата, и тоа:

- 2 редовни надзори;
- 4 вонредени надзори, и
- 1 предмет со решение за укинување на Општо овластување за обезбедување поштенски услуги.



**По барање од странки се постапуваше во 3 постапки**, и тоа:

- 1 предмет по барање на согласност за затворање на ЕПМ;
- 1 предмет по нотификација за промена со обезбедување на поштенски услуги, и
- 1 предмет по информација од јавен карактер.

*Слика бр.1 Број на управни предмети по кој се постапуваше во вториот квартал од 2023 година*



### 2.1. Управна евиденција

Во извештајниот период Агенцијата за пошти немаше обврска за доставување на управна евиденција до надлежна/и институција/и.

## 3. Осигурување на обезбедување на универзалната услуга

- *Затворање на ЕПМ*

Во вториот квартал од 2023 година Агенцијата за пошти постапуваше по писмено барање бр. 0831-95/18 од 26.04.2023 година на АД „Пошта на Северна Македонија", за добивање **согласност за привремено затворање** на поштенските единици на територијата на Република Северна Македонија за период од 01.05.2023 година до 31.08.2023 година, како и **добивање согласност за затворање на две поштенски единици** 1327 Ново Село и 1414 Извор.

Постапувајќи по барањето, Агенцијата за пошти одлучи барањата да ги разгледува во 2 одвоени постапки од причина што се содржани различни основи за постапување од страна на Агенцијата.



**a.** За делот од барањето за добивање согласност за затворање подолго од 6 месеци на 2 ЕПМ организирани како договорни пошти, Агенцијата за пошти донесе Решение со кое се одбива барањето за добивање согласност за затворање на 2 единици на поштенска мрежа: ЕПМ 1327 Ново Село во надлежност на Подружница ЦРПС Куманово и ЕПМ 1414 Извор во надлежност на Подружница ЦРПС Велес како задоцнето, со оглед дека истите се затворени од 30.11.2020 година, без согласност и без воопшто да е известена Агенцијата. Со истото решение за АД „Пошта на Северна Македонија Скопје" беше одредена мерка за отстранување на неправилностите на начин што ќе ја врати во претходна состојба или повторно да ја воспостави и да ја организира работата на затворените поштенски единици со соодветно работно време за прием на пратки, согласно критериумите за пристап до

универзалната услуга, а за истото писмено да ја извести Агенцијата за пошти најдоцна до 01.08.2023 година.

**б.** Во останатиот дел од барањето со кое се бараше согласност за затворање на 23 ЕПМ, Агенцијата за пошти констатираше дека постапката за добивање согласност од страна на Агенцијата за пошти е започната со задоцнување. Имено, давателот на универзалната услуга АД „Пошта на Северна Македонија“ - Скопје наместо да го поднесе барањето за добивање согласност за затворање на 23-те ЕПМ пред истекот на шест месеци од нивното привремено затворање, поднел барање по истекот на законскиот рок од член 36 став 3 од ЗПУ, и притоа истите во континуитет ги држи затворени од ноември 2022 година до денес, без добиена претходна согласност. *Агенцијата за пошти изрази загриженост за моменталната состојба која укажува на фактот дека повеќе од 12,7 % од ЕПМ на вкупната јавна поштенска мрежа се затворени до и подолго од 6 месеци.Имајќи го во предвид наведениот факт, АД „Пошта на Северна Македонија“ се задолжи да направи соодветна анализа и аргументирано и со поопсежен план во организација на процесите и на точките за пристап, да обезбеди пристапност на корисниците до универзалната услуга. Потоа, во разумен рок за соодветна проверка, образложеното барање со докази треба да го достави до Агенцијата за пошти.* Воедно, Агенцијата за пошти го задолжи давателот на универзалната услуга привремено затворените единици на поштенската мрежа, веднаш, а најдоцна до **01.08.2023 година** да бидат отворени и ставени во функција, и за тоа да ја извести Агенцијата за пошти најдоцна до 10.08.2023 година.



# 4. Лиценцирање

## 4.1. Даватели на поштенски услуги

Заклучно со 30.06.2023 година, поштенски услуги обезбедуваа:

- **34 даватели на поштенски услуги** - правни лица со Општо овластување за обезбедување поштенски услуги, и

- **АД „Пошта на Северна Македонија" - Скопје** со Индивидуална дозвола за обезбедување на универзална услуга, или вкупно:

**35 даватели на поштенски услуги**

*Слика бр. 2. Број на даватели кои обезбедуваат поштенски услуги во 2 квартал од 2023 година, споредбено со 2 квартал од 2022 година*




За состојбата со лиценцирани даватели кои обезбедувале/ат поштенски услуги во изминатите три години, Агенцијата за пошти изготви анализа и истата е достапна на веб страницата на Агенцијата – **„Даватели на поштенски услуги во изминатите три години"**.[1]

Во вториот квартал во **постапки од надлежност за лиценцирање** беа водени вкупно **2 предмети** предмети (пренесени од првиот квартал), од кои:

- 1 предмет за преиспитување на Општото овластување за обезбедување на поштенски услуги на лиценциран давател на поштенски услуги, кој заврши со Решение за укинување на Општото овластување, и
- 1 предмет по Нотификација за промена со обезбедување поштенски услуги на лиценциран давател на поштенски услуги, кој заврши со Решение за отфрлање.

[1] https://ap.mk/sites/default/files/2023-04/%D0%A2%D1%80%D0%B0%D0%BD%D1%81%D0%BF%D0%B0%D1%80%D0%B5%D0%BD%D1%82%D0%BD%D0%BE%D1%81%D1%82%20%D0%B8%20%D0%BF%D0%BE%D1%81%D0%B5%D1%82%D0%B5%D0%BD%D0%BE%D1%81%D1%82%D0%B0%20%D0%BD%D0%B0%20%D0%B2%D0%B5%D0%B1%20-%20%D1%81%D1%82%D1%80%D0%B0%D0%BD%D0%B8%D1%86%D0%B0%D1%82%D0%B0%20%D0%B7%D0%B0%202022%20%D0%B3%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D0%BD%D0%B0_0.pdf

За споредба, во вториот квартал од 2022 година во управна постапка се постапуваше по 4 предмети за издавање, промена и престанок со обезбедување поштенски услуги пришто беа издадени 4 Општи овластувања (2 на нови правни субјекти и 2 на лиценцирани даватели на поштенски услуги).

*Слика бр.3. Број на предмети во постапка за лиценцирање*




Во вториот квартал на 2023 година не беа издадени Општи овластувања за обезбедување на поштенски услуги, а 1 беше укинато.

*Слика бр. 4. – Број на издадени Општи овластувања за обезбедување поштенски услуги на нови правни субјекти*




### 4.2. Нови даватели – започнување со обезбедување поштенски услуги

Во извештајниот период немаше нови предмети по примени Нотификациии за започнување со обезбедување поштенски услуги.

### 4.3. Промени во обезбедувањето поштенски услуги на постојни даватели

Во вториот квартал немаше нови предмети по примени Нотификациии за промена со обезбедување поштенски услуги.

### 4.4. Одбивање на Нотификација

Во вториот квартал, Агенцијата не донесе Решение за одбивање на нотификација.

### 4.5. Отфрлање на Нотификација

Агенцијата за пошти во вториот квартал по примена Нотификација за промена со обезбедување поштенски услуги - за меѓународен поштенски сообраќај, од лиценциран давател на поштенски услуги - Друштво за промет и услуги ТПЛ Тотал Пост Логистик ДООЕЛ Скопје (пренесена од минатиот квартал), издаде **Решение за отфрлање на нотификацијата УПI бр. 02-82 од 28.04.2023 година**, поради непостапување на подносителот по задолженијата од Агенцијата за пошти во определениот рок, ниту во дополнително дадените рокови.

### 4.6. Интерес за влез на поштенскиот пазар - Комуникација со потенцијални апликанти/даватели на поштенски услуги

Активностите со одржување работни состаноци со сите заинтересирани и потенцијални апликанти за добивање на Општо овластување за обезбедување поштенски услуги, како и со постојните даватели се практикуваа и во вториот квартал од 2023 година од страна на Агенцијата за пошти. На тој начин Агенцијата придонесува за нивно позиционирање уште на самиот старт на „пазарната трка", како и за подобра усогласеност на нивното работење кон поштенските прописи и процедури.

- Во месец април во просториите на Агенцијата за пошти беше одржан работен состанок со давателот на поштенски услуги ЕУРО ЕНЕРЦИ –

Подружница ЕУРО КАРГО Тетово, во врска со проширување на географското подрачје - во меѓународен сообраќај. Истовремено, беа дадени информации, инструкции и упатства за потребната документација при постапката за лиценцирање во делот на проширување на Општото овластување за обезбедување на поштенски услуги.

- Во месец мај на електронската адреса на Агенцијата за пошти беше добиено барање од физичко лице за одржување на состанок во врска со добивање на Општо овластување за обезбедување на поштенски услуги (по претходно телефонско јавување), притоа беа дадени инструкции и упатства за потребната документација при постапката за лиценцирање во делот на добивање на Општото овластување за започнување на обезбедување на поштенски услуги.

- Во месец јуни во просториите на Агенцијата за пошти беше одржан работен состанок со претставник на правен субјект во врска со добивање на Општо овластување за обезбедување на поштенски услуги во внатрешен и меѓународен поштенски сообраќај. На состанокот беа дадени инструкции и упатства за потребната документација при постапката за лиценцирање во делот на добивање на Општото овластување за започнување на обезбедување на поштенски услуги.



## 5. Конкуренција во поштенскиот сектор

Агенцијата за пошти постојано ја следи работата на давателите на поштенски услуги преку своите надзорни и контролни функции и на систематски начин го анализира развојот на конкуренцијата во поштенскиот сектор. За таа цел, се анализираа податоците и наодите прибрани преку практикување на своите надлежности, започнувајќи од нивниот влез на пазарот со издавањето на Општите овластувања за обезбедување на поштенски

услуги, статистичките извештаи, предметите од заштита на права на корисниците, како и од спроведените увиди и надзори. Иако, бројот на даватели на поштенски услуги во вториот квартал се намали (сега се 34 + 1), анализите на Агенцијата за пошти покажаа дека тоа намалување не влијаеше на степенот на вертикалната конкурентност на македонскиот поштенски пазар.

Во вториот квартал, Агенцијата за пошти **ја заврши активноста** која беше во насока на следење и анализа на 5 даватели на поштенски услуги кои се соочуваа/т со потешкотии во обезбедување на поштенски услуги, или се недостапни подолго време (иселени), не пријавуваа/т или пријавуваа/т незначителен обем на услуги и сл., Проверките и контролите резултираа со:

- Укинување на Општите овластувања за обезбедување на поштенски услуги на 2 даватели на поштенски услуги (Постбокс и Цикло пошта);
- Констатација дека 3 даватели на поштенски услуги работат со слаби капацитети, ( 1 од нив е иселен од објектот).



*Врз основа на заклучоците од проверките, Агенцијата за пошти во следниот период ќе одлучи за целисходноста на Општите овластувања за обезбедување на поштенски услуги на давателите кои беа предмет на следење и анализа.*

Агенцијата за пошти продолжи со активноста за анализа на обемот на евидентирани поштенски услуги во појдовен и дојдовен меѓународен сообраќај во 2022 година на 9-те даватели на поштенски услуги кои имаат Општо овластување за обезбедување поштенски услуги и во меѓународен поштенски сообраќај. Во вториот квартал од страна на Агенцијата за пошти беа изготвени анализи за **2 даватели на поштенски услуги**. Активноста продолжува и во следниот квартал.

Во вториот квартал, Агенцијата за пошти започна со проверки и анализи на капацитетите (оперативни и на поштенската мрежа) на релативно новите даватели кои имаат добиено Општо овластување за обезбедување на

поштенски услуги во 2021, година, 2022 година и 2023 година. Проверките беа во насока на консултации со цел подобра усогласеност на нивното работење кон поштенските прописи и процедури. Во извештајниот квартал предмет на проверка беа **4 даватели на поштенски услуги**. Активноста продолжува во следниот период.

### 5.1. Асоцијација за дистрибуција и достава на разни добра и услуги (АДДДУ)

На 22.05.2023 година во Скопје, официјално започна со работа Асоцијацијата за дистрибуција и достава на разни добра и услуги Скопје (основана на 25.04.2023 година од страна 18 правни лица) која ќе ги претставува интересите на поштенските оператори, но и ќе им создаде услови на компаниите од оваа фела да остварат меѓусебна соработка и да ги споделуваат најдобрите практики со цел да се зголеми квалитетот на поштенските услуги. Во Асоцијацијата како членки и основачи се јавуваат и 2 лиценцирани и активни даватели на поштенски услуги Брза Пратка Пост-М Логистик Тетово и Еко логистик Сервис Скопје.



Имајќи во предвид дека една од целите на Асоцијацијата е „претставување на интересите на поштенските оператори пред Владата или државните регулаторни органи одговорни за политиките на поштенскиот сектор", Агенцијата за пошти со интерес ќе ја следи работата на Асоцијацијата насочена кон остварување на нејзините цели.

### 5.2. Нова електронска платформа - ananas.mk

На почетокот на месец јуни 2023 година на македонскиот пазар започна со работа електронската платформа www.ananas.mk која е посредник на продажбата на стоки и услуги помеѓу потрошувачот и трговецот, а при нарачка на стоката на Платформата, потрошувачот склучува договор со трговецот, односно влегува во купопродажен однос со трговецот.

Агенцијата за пошти од аспект на своите надлежности за регулирање на конкуренцијата ја анализираше е-платформата во делот на доставата на производите. Моделот на работа кој го практикува Платформата во делот на

достава на производите е преку курирската служба на Платформата или преку други курирски служби со кои платформата има потпишано договор за соработка, што го прави овој модел различен од српскиот, каде тамошната платформа www.ananas.rs или трговците кои продаваат на истата, за достава ангажираат исклучиво надворешни курирски и поштенски компании.

Агенцијата за пошти и во следниот период ќе го следи развојот на оваа е-платформа, во насока на собирање на повеќе релевантни информации за евентуална организација на доставата, особено модалитетите „Ananas Shop“ и „Ananas Direkt“, кај кои што нарачките/стоката/производите до купувачите се испорачуваат од магацинот на Ананас

## 6. Регистар на даватели на поштенски услуги

Во вториот квартал се постапуваше и беа завршени **12 предмети** за ажурирање на податоците во службената евиденција за давателите на поштенски услуги, поведени на барање од давателите на поштенски услуги и по службена должност во Регистарот на лиценци, и тоа:



1. ЦИКЛО ПОШТА ДООЕЛ Скопје – бришење од Регистар на лиценци 03-16/11 од 24.04.2023 година;.
2. ВИА ПОСТ ДООЕЛ Скопје –промена на ценовник 03-16/12 од 15.05.2023 година;
3. КОЛПОРТЕР ДОО Скопје –промена на ценовник 03-16/13 од 15.05.2023 година;
4. ИН ТИМЕ МК БПС ДОО Скопје –промена на ценовник 03-16/14 од 22.05.2023 година (задолжен при редовен надзор);
5. Интернешенел Меил Деливери-ИМД – промена на адреса на седиште 03-16/15 од 16.06.2023 година;
6. Фалкон Логистик ДОО-Подружница Фалкон Логистик Курир (ФЛЦ) - промена на организационен облик од ДООЕЛ во ДОО (податок при проверка во бизнис мрежа);

7. Еуро Енерџи ДООЕЛ -подружница Еуро Карго Тетово - промена на организационен облик од ДООЕЛ во ДОО (податок при проверка во бизнис мрежа);
8. НОВА ПОШТА ДОО Скопје - промена на организационен облик од ДОО во ДООЕЛ (податок при проверка во бизнис мрежа), испратен е-меил на официјалната електронска адреса (во тек е прибавување на Тековна состојба од давателот);
9. Урбан Деливери Сервис ДООЕЛ Скопје - промена на организационен облик од ДООЕЛ во ДОО (податок при проверка во бизнис мрежа), испратен е-меил на официјалната електронска адреса - прибавен податок од давателот;
10. ЕКО ПОШТА ДОО Скопје - промена на организационен облик од ДОО во ДООЕЛ и промена на регистрирано седиште на давателот (податок при проверка во бизнис мрежа), испратен е-меил на официјалната електронска адреса - прибавен податок од давателот;
11. ЕКО Логистик Сервис ДООЕЛ Скопје - промена на организационен облик од ДООЕЛ во ДОО (податок при проверка во бизнис мрежа), испратен е-меил на официјалната електронска адреса - прибавен податок од давателот;
12. Деливери Сервис Интернешенел ДООЕЛ Скопје, промена на адреса – седиште на давателот и промена на управител (податок при проверка во бизнис мрежа), испратен е - меил на официјалната електронска адреса -прибавен податок од давателот.

## 7. Судски постапки и постапки за присилно извршување

Во вториот квартал од 2023 година, Агенцијата за пошти не поведе постапка/и за присилно извршување.

Вкупниот број на активни предмети кои се водат пред извршители за присилна наплата на обврските по Решенија за годишен надомест од минатите години изнесува 18, и за истите нема наплата.

| Реден број | Име и Презиме / Назив | Главен долг | Извршна исправа на Агенција за пошти | Извршител | И бр. | Предадени на извршител | Забелешка од Извршител |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | ДПТУ ВИЗАРД ДЕЛИВЕРИ ДОО увоз-извоз Скопје | 23,086.00 | Решение УП I.бр.19/2013 од 26.03.2013 година | Благојче Кипровски од Скопје | 357/2013 | 14.10.2013 година | Активен предмет - Блокирана сметка |
| 2. | Друштво за услуги ИН ТАКСИ ДОО Скопје | 49,880.00 | Решение УП I.бр.02-06/2015 од 06.04.2015 година | Благојче Кипровски од Скопје | 1798/2016 | 30.12.2016 година | Активен предмет - Блокирана сметка |
| 3. | Друштво за производство, трговија и услуги ВИЗАРД ДЕЛИВЕРИ ДОО увоз-извоз Скопје | 54,415.00 | Решение УП I.бр.02-08/2015 од 06.04.2015 година | Благојче Кипровски од Скопје | 1799/2016 | 30.12.2016 година | Активен предмет - Блокирана сметка |
| 4. | Друштво за производство, трговија и услуги ВИЗАРД ДЕЛИВЕРИ ДОО увоз-извоз Скопје | 26,991.00 | Решение УП I.бр.02-10/2016 од 24.02.2016 година | Благојче Кипровски од Скопје | 1801/2016 | 30/12/2016 година | Активен предмет - Блокирана сметка |
| 5. | Друштво за производство, трговија и услуги ВИЗАРД ДЕЛИВЕРИ ДОО увоз-извоз Скопје | 25,859.00 | Решение УП I бр.02/23 од 13.11.2017 година | Благојче Кипровски од Скопје | 400/2019 | 30/04/2019 година | Активен предмет - Блокирана сметка |
| 6. | Друштво за превоз,услуги,трговија и маркетинг ДРД КУРИР ДОО Скопје | **27,111.00** | Решение УП.I бр.02-28 од 04.02.2020 година | Благојче Кипровски од Скопје | 288/2020 | 16.07.2020 година | Активен предмет - Блокирана сметка |
| 7. | Друштво за курирски услуги ПРЕМИУМ ДЕЛИВЕРИ ДОО Скопје | **54,222.00** | Решение УП I.бр.02-26 од 04.02.2020 година | Благојче Кипровски од Скопје | 306/2020 | 14/08/2020 година | Активен предмет - Блокирана сметка |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8. | Друштво за трговија, транспорт и услуги БАЛКАН-ПОСТ ДООЕЛ Скопје | **32,029.00** | Решение УП І.бр.02-31 од 01.04.2021 година | Благојче Кипровски од Скопје | 183/2021 | 12/05/2021 година | Активен предмет - Блокирана сметка |
| 9. | Друштво за логистички услуги ГПС - ГЛОБАЛ ПОСТАЛ СЕРВИСЕ ДООЕЛ Скопје | **31,449.00** | Решение УП І.бр.02-30 од 01.04.2021 година | Благојче Кипровски од Скопје | 184/2021 | 12/05/2021 година | Активен предмет - Блокирана сметка |
| 10. | Друштво за поштенски и курирски услуги ИН ТАЈМ ПОСТ ДООЕЛ | **53,912.00** | Решение УПІ бр.02-18 од 30.03.2021 година | Благојче Кипровски од Скопје | 494/2021 | 02/11/2021 година | Активен предмет - Блокирана сметка |
| 11. | Друштво за трговија и услуги М-ДОСТАВА ДООЕЛ Скопје | **19,820.00** | Решение УП І.бр.02-24 од 31.03.2021 година | Благојче Кипровски од Скопје | 572/2021 | 27/12/2021 година | Активен предмет - Блокирана сметка |
| 12. | ДПТУ ВИЗАРД ДЕЛИВЕРИ ДОО увоз-извоз Скопје | 24,585.00 | Решение УП І бр.18/2014 од 26.05.2014 година | Кети Арсова од Скопје | 1677/2014 | 25/12/2014 година | Активен предмет - Блокирана сметка |
| 13. 18 | Градско карго ДООЕЛ Битола | **24.110,00** | Решение УП І бр.02-39 од 13.04.2022 година | Снежана Андреевска | 3404/22 | 21.09.2022 година | Активен предмет - Блокирана сметка |
| 14. | ДТУ М Достава ДООЕЛ Скопје | **33.754,00** | Решение УП І бр. 02-42 од 13.04.2022 година | Снежана Андреевска | 3545/22 | 20.10.2022 година | Активен предмет - Блокирана сметка |
| 15. | ДТУ Делцо ДООЕЛ Скопје | **84.384,00** | Решение УП І бр. 02-30 од 13.04.2022 година | Снежана Андреевска | 3546/22 | 20.10.2022 година | Активен предмет - Блокирана сметка |
| 16. | ДТУ Делцо ДООЕЛ Скопје | **500,00** | Решение УП І бр. 02-29 од 01.04.2021 година | Снежана Андреевска | 3768/22 | 02.12.2022 година | Активен предмет - Блокирана сметка |
| 17. | ДТУ М Достава ДООЕЛ Скопје | **500,00** | Решение УП І бр. 02-16 од 07.02.2019 година | Снежана Андреевска | 3770/22 | 02.12.2022 година | Активен предмет - Блокирана сметка |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 18. | ДТУ М Достава ДООЕЛ Скопје | **500,00** | Решение УП I бр. 02-29 од 04.02.2020 година | Снежана Андреевска | 3769/22 | 02.12.2022 година | Активен предмет - Блокирана сметка |

Агенцијата за пошти поднесе жалба до Апелациониот суд Скопје против првостепеното Решение ПРК-0-228/22 со кое се отфрла БППП наш УП I 02-03 од 2022 година против правен субјект кој во изминатиот период како давател обезбедуваше поштенски услуги. Жалбата беше поднесена во законски рок на 26.04.2023 година.

Агенцијата за пошти преку свој претставник во својство на сведок учествуваше во постапката која се води пред Основното Јавно обвинителство Штип, против давателот на поштенски услуги Брза Пратка ДООЕЛ Скопје КО бр.312/22. Освен сведочењето за стручната пракса на Агенцијата за пошти за примена на одредбата за неповредивост на тајноста на пратките, дополнително на нивно писмено барање, до ОЈО Штип беа испратени и побараната документација и службени списи со кои Агенцијата располага за давателот Брза Пратка.

Во месец јуни 2023 година, Агенцијата за пошти постапуваше по барањето на Адвокат Владимир Станојковски од Скопје, за обезбедување на податоци и информации (потребни за во судска постапка) за правниот субјект Ваша пошта Скопје. Агенцијата за пошти постапувајќи по барањето писмено одговори со допис бр. 03- 144 од 07.06.2023 година дека субјект со назив „Ваша Пошта“ никогаш не добил Општо овластување за обезбедување на поштенски услуги (услов за да стекне статус на давател на поштенски услуги), вклучително ни во периодот април 2022 година, кога била издадена спорната адресница за примена пратка од страна на правниот субјект Ваша пошта. Дополнително ценејќи ги доказите приложени кон барањето, Агенцијата за пошти оцени дека треба да се изврши вонреден надзор кај субјектот и истиот беше спроведен на 09.06.2023 година.

## 8. Надзор

Во вториот квартал, согласно Годишната програма за вршење на надзор на Агенцијата за пошти за 2023 година бр.01-276/1 од 20.12.2022 година[2], од страна на овластени лица за вршење на надзор беа извршени **2 редовни надзори и 4 вонредни надзори.**

**Редовен надзор**

1. Спроведен редовен надзор беше извршен кај давателот на поштенски услуги **ИН ТИМЕ МК БПС ДОО Скопје**, притоа беше составен Записник УПІ 02-95 од 22.05.2023 година со дадено задолжение за достава на нов ценовник (Тарифен водич за 2023 година) во рок од 15 дена. Постапено во рок по задолжението од Агенцијата. Не беа констатирани прекршоци.
2. Спроведен редовен надзор кај давателот **ЕКСТРА 03 ДООЕЛ Кавадарци**, согласно Годишната програма за надзор за 2023 година.Надзорот го опфати спроведувањето на член 38 став 1 од ЗПУ, како и спроведувањето на другите подзаконски акти и правата и обврските имплементирани во Општото овластување за обезбедување на поштенски услуги. За спроведениот надзор беше изготвен Записник УП I бр. 02-96 од 22.06.2023 година, и не беа констатирани прекршоци.



**Вонреден надзор**

3. Согласно член 73 и 76 од ЗПУ, беше спроведен вонреден надзор врз основа на сомневања на овластените лица (по службена должност) - со предмет: спроведување на член 38 став 1 од ЗПУ врз правниот субјект **НОУ ЛИМИТ ТЕХНОЛОЦИ ДООЕЛ Скопје**- поради обезбедување на поштенски услуги без Општо овластување спротивно на членот 38 став (1) од овој закон.За спроведениот вонреден надзор беше составен Записник УПІ

[2] https://ap.mk/index.php/mk/godisna-programa

бр.02-90 од 20.04.2023 година и беа издадени 2 прекршочни платни налози – 1 за правното лице и 1 за одговорното лице во правно лице.

4. Спроведен вонреден инспекциски надзор над правниот субјектот **ПМ ПОСТМАН АНД ЛОГИСТИКС ДООЕЛ Скопје**, со предмет - спроведување на член 38 ст.1 од ЗПУ, казнив по член 80 став 1 ал.4 и ст.2 од ЗПУ, за обезбедување поштенски услуги без Општо овластување за обезбедување на поштенски услуги. Изготвен беше Записник УПІ 02-94 од 18.05.2023 година, и беа издадени 2 прекршочни платни налози, 1 за правното лице и 1 за одговорното лице во правно лице.
5. Спроведен вонреден надзор над давателот на поштенски услуги **ЕУРО ЕНЕРГИ ДОО ТЕТОВО** со предмет обезбедување на поштенски услуги кои не се наведени во Општо овластување издадено од Агенцијата за пошти, спротивно на член 41 став 2 од ЗПУ. Изготвен беше Записник УПІ бр.02-93/2 од 18.05.2023 година. и беа издадени прекршочни платни налози, 1 за правното лице и 1 за одговорното лице во правно лице.
6. Спроведен вонреден надзор согласно член 73 и 76 од ЗПУ, врз основа на сомневања на овластените лица (по службена должност) - со предмет: спроведување на член 38 став 1 од ЗПУ врз правниот субјект **Друштво за поштенски и курирски услуги ВАША ПОШТА ДООЕЛ Скопје** – поради обезбедување на поштенски услуги без Општо овластување спротивно на членот 38 став (1) пришто беше составен Записник УПІ бр.02-98 од 09.06.2023 година и беа издадени 2 прекршочни платни налози – 1 за правното лице и 1 за одговорното лице во правно лице.

Вонредните надзори над давателот на поштенски услуги **ЕУРО ЕНЕРГИ ДОО ТЕТОВО** и правниот субјект **ПМ ПОСТМАН АНД ЛОГИСТИКС ДООЕЛ Скопје,** Агенцијата за пошти ги спроведе во заедничка акција со Министерство за внатрешни работи, Царинската управа, Управата за јавни приходи, Државниот Инспекторат за Труд и Државниот Пазарен Инспекторат.

## 9. Заштита на правата на корисниците

### 9.1. Информирање на корисниците на поштенски услуги

Во согласност со една од главните цели на ЗПУ која е во насока на заштита на интересите на корисниците на поштенските услуги, Агенцијата за пошти континуирано и посветено остварува комуникација со корисниците на поштенските услуги.

Заради остварување на своите законски права како корисници на поштенски услуги, граѓаните имаа можност да се обратат во Агенцијата и да поднесат претставки и приговори, кои се процесуираа преку Директоратот за заштита на правата на корисниците и односи со јавноста.

### 9.2. Претставки

*Претставките се евидентираат во Уписникот за предметите по предлози и претставки.*



*Подносител на претставка може да биде секое физичко или правно лице.*

*Начинот на поднесување на претставките може да биде во писмена форма на адреса на Агенцијата за пошти (Кеј 13-ти Ноември, ГТЦ, кат 2, зграда 4, влез 1, локал 2, 1000 Скопје), или на електронските адреси (info@ap.mk и kabinet@ap.mk), како и усно на записник во просториите на Агенцијата за пошти.*

Во Агенцијата за пошти во периодот од 01.04.2023 година до 30.06.2023 година, беа поднесени **2 претставки** од физички лица - корисници на поштенските услуги, во својство на примач и испраќач на поштенски пратки.

1. Претставката со УПП **бр.02-06** се однесува на давателот на универзалната услуга АД „Пошта на Северна Македонија", поради недоставување на поштенски пратки подолг временски период на домашна адреса.Агенцијата побара од давателот на универзалната услуга да ја провери доставата на наведениот реон и за исходот од превзмените активности да ја информира Агенцијата, по што беше добиен одговор дека се преземени одредени активности со цел да се

надминат неправилностите во поштенското работење на дадениот реон. Од страна на давателот, на подносителот му беа дадени и одредени информации и насоки поврзани со обезбедувањето на поштенските услуги, и беше споделен директен контакт на кој може да пријави неправилности поврзани со доставата.

2. Претставката со **УПП бр.02-07** се однесува на давателот на поштенски услуги ТПЛ ТОТАЛ ПОСТ ЛОГИСТИК ДООЕЛ Скопје, поради оштетување/ губење на поштенска пратка. Постапката продолжува во следниот квартал.

**Комисија за спогодбено решавање на спор** - Поврзано со работата од првиот квартал, а во врска со претставката евидентирана со УПП бр.02-05, подносителот по прецизирање на своето барање, побара поведување на постапка за спогодбено решавање на спор, поради незадоволство од одговорот на поднесокот од страна на АД „Пошта на Северна Македонија"- Подружница ЦПРС Куманово, кое што беше прифатено од страна на Агенцијата за пошти. За потребите на предметот со нов деловоден бр. 03-115/1, од страна на директорката на Агенцијата, беше донесна одлука за формирање на трочлена Комисија за спогодбено решавање на спор, која изврши две посреднички сослушувања на двете инволвирани страни во постапката.На овие одделни средби, на странките им беше овозможено да се изјаснат за целата ситуација, да ја дополнат писмената документација поврзана со предметот, како и да дадат предлог за решавање на настаниот спор.

Од страна на членовите на Комисијата, на сослушувањето на барателот му беа одговорени сите прашања кои беа наведени во Барањето за поведување на постапка за спогодбено решавање на спор, по што странката побара да биде ослободена од трошоците кои се поврзани со постапката и да добие писмен одговор од Агенцијата.

Постапката е во тек и истата ќе заврши во согласност со одредбите од *Правилникот за начинот на постапување при решавање спорови*[3].

[3] http://ap.mk/ap.mk/resource/legislativa/pravilnik_postapuvanje_pri_spor.pdf

*Слика бр.5. Споредбено - 2 квартал од 2022 година и 2 квартал од 2023 година*




### 9.3. Управни приговори

Во уписникот за првостепена управна постапка, во вториот квартал од 2023 година **не беа евидентирани управни приговори** од корисници на поштенски услуги.



### 9.4. Комуникации со корисници

Во овој квартал беа евидентирани **15 писмени комуникации** во кои корисниците бараат информации од различен карактер поврзани со поштенските услуги.

Комуникациите беа примени на електронската адреса на Агенцијата и во истите корисниците бараа инфорамции за статусот на пратките кои ги очекуваа, контактни податоци за даватели на поштенски услуги, начин на поднесување на рекламација, цени на поштенски услуги за испраќање на пратки во меѓународен сообраќај, не добивање на одговор од давателот на поставените прашања и сл.

Во сите комуникации со корисниците, Агенцијата за пошти даде соодветен одговор на корисниците за нивните права.

*Слика бр. 6. Споредбено комуникација со корисници во 2 квартал од 2022 година и 2 квартал 2023 година*






## 9.5. Телефонски консултации

Во извештајниот период беа евидентирани 5 **телефонски** консултации со корисници на поштенски услуги, кои бараа контактни информации за лиценцираните даватели, како и насоки за поднесување на рекламации.



## 9.6.. Веб – страница на Агенцијата за пошти

На веб – страницата на Агенција за пошти, во извештајниот период беа објавени **36 содржини** со различен карактер.

Во Регистарот на лиценци беа направени 12 внесувања со што се врши активно ажурирање на податоците и информациите кај лиценцираните даватели на поштенски услуги.

На Фејсбук профилот на Агенцијата за пошти беа објавени **38 содржини**[4].

[4] Агенција за пошти | Facebook

Бројот на објави во вториот квартал во 2023 година беше поголем од бројот на информации пласирани во јавноста во вториот квартал од 2022 година, од што може да се констатира дека нивото на транспарентност на Агенцијата за пошти е зголемено.



**12** Втор квартал 2022 година

**36** Втор квартал 2023 година

## 9.7. Посетеност на веб- страницата на Агенцијата за пошти

Тргнувајќи од потребата да се утврди интересот на јавноста во поглед на работењето на Агенцијата за пошти, како и воопшто следењето на поштенски пазар во Република Северна Македонија преку користење на веб - страницата на Агенцијата за пошти, беше спроведена активност за осознавање на овие информации. Во таа насока, Агенцијата за пошти изработи брошура **„Транспарентност и посетеност на веб страницата на Агенцијата за пошти во 2022 година"** и истата е објавена на веб страницата на Агенцијата за пошти.[5]



Од направената анализа на статистичките извештаи за посетеноста на веб - страницата на Агенцијата за пошти www.ap.mk, започнувајќи од 01.04.2023 година до 30.06.2023 година беше констатирана следната состојба:

- Во месец **Април**, веб- страницата ја посетиле 5.248 посетител, а прелистани се вкупно 28.966 страници. Истиот месец, најмногу била посетувана почетната страница со вкупна посетеност од 3.643 посетители, а најпреземан (downloaded) документ за месец април е http://ap.mk/sites/default/files/2020-06/OFICIJALEN%20CENOVNIK%202019%20In%20Posta%20Radeski.pdf, односно ценовникот на Ин Пошта Радески со вкупно 108 преземања.

[5] https://ap.mk/mk/brosuri

За месец **Мај**, евидентирани се е 6.281 посетители, со прелистано вкупно 33.168 страници. Во овој месец, 97 пати бил превземан Ценовникот на Карго Експрес додека најпосетена страна била http://ap.mk/ со вкупно 4.118 посети.

Во месец **Јуни**, вкупно 6.340 посетители ја отвориле веб -страницата, а направени се 26.726 прелистувања. Исто така и во овој месец, најпосетена била почетната страница со вкупно 3.172 посети, додека најпреземан бил Водичот на цени на ДХЛ Македонија со вкупно 91 преземање.

**Компаративен приказ**




## 9.8. Комуникација со медиуми

Преку комуникацијата со медиуми, Агенцијата за пошти ја користи можноста да ја информира јавноста за актуелните случувања во поштенскиот сектор.

Во месец мај, Медиумската Информативна Агенција- МИА на електронскиот портал, објави прилог со наслов *„Помалку приватни поштенски*

*оператори, но поголем обем и приходи на пазарот“* во кој беа обработени теми и податоци кои беа презентирани на Јавниот состанок на Агенцијата за пошти (www.mia.mk).

### 9.9. Електронски билтен на Агенцијата за пошти

**Информативни содржини и дистрибуција на истите преку електронски билтени ( newsletter)**

Со цел да се афирмира работатата на Агенцијата за пошти и да се доближи до лиценцираните даватели на поштенски услуги, Агенцијата за пошти продолжи со користење на една од најефикасните алатки на дигиталниот маркетинг. Информативниот е- билтен е моќна алатка на дигиталниот маркетинг бидејќи преку неа се остварува директно комуницирање со соработниците, на персонализиран начин со „сервирање“ на нови и вредни содржини, директно на нивните е-маил адреси.

На овој начин, преку ваквите активности Агенцијата за пошти се потврдува како институција која посветено вложува и во грижата за давателите на поштенските услуги, во нивното едуцирање и информирање што понатаму се рефлектира и на **обезбедување на квалитетни услуги за корисниците на поштенските услуги.** Подготовката на информативни содржини и дистрибуција на електронските билтени се реализира еднаш во месецот.

Во вториот квартал до давателите на поштенски услуги беа испорачани **3 е-билтени.**

Во **третиот Е-билтен,** кој беше споделен на 10 април, Агенцијата информираше за развојот на земјите во ЕУ, за трансформацијата предизвикана од дигитализацијата и технолошките иновации.



Во **четвртиот билтен**, испорачан на 29 мај, Агенцијата информираше за објавата на Статистичкиот извештај за поштенските активности во Република Северна Македонија за 2022 година, како и за одредени податоци од поштенскиот пазар во државата.




Во **петтиот Е-билтен**, испорачан на 21 јуни, Агенцијата информираше за спроведените вонредни надзори вршени во вториот квартал од 2023 година и ја сподели Годишната програма за вршење на надзор за тековната година.





ЈУНИ, 2023 Е-БИЛТЕН # 5

**НАДЗОР НАД ПАЗАРОТ НА ПОШТЕНСКИТЕ УСЛУГИ**

Агенцијата за пошти врши надзор над спроведување на Законот на поштенските услуги и прописите донесени врз основа на него.

Надзорот го вршат седум раководни и стручни лица од Агенцијата, овластени за тоа со решение од директорот на Агенцијата.

Целта на надзорот е преку примена на постојните законски одредби да се подобри квалитетот на поштенскиот сектор.

Надзорите можат да бидат:

- Редовни
- Вонредни
- Контролни

Заеднички надзор може да се изврши со службени лица кои вршат надзор од други инспекциски служби.

02 3212 107 INFO@AP.MK WWW.AP.MK

### 9.10. Брошури

Агенцијата за пошти ги изработи следните брошури:

➡ **„Развојот на пазарот во ЕУ: Голема трансформација предизвикана од дигитализацијата и технолошки иновации“**, и

„Даватели кои обезбедуваа поштенски услуги во изминатите 3 години" Брошурите се достапни на веб страницата на Агенцијата за пошти[6].



## 10. Анализа на пазарот

Во насока на спроведување на своите надлежности во делот на имплементирање на политиките за регулирање на пазарот со воспоставување на ефективна конкуренција, Агенцијата за пошти континуирано го следи пазарот на поштенски услуги со прибирање, проверка, систематизирање и анализирање на податоците доставени од давателите на поштенски услуги.

Продолжувајќи ја праксата за навремено прикажување на податоците од поштенскиот пазар, Агенцијата за пошти согласно своите надлежности за следење и анализа на пазарот изготви Статистички извештај за поштенските активности во Република Северна Македонија за 2022 година[7] и истиот беше презентиран на 23 мај 2023 на 20-тиот јавен состанок на Агенцијата за пошти. Статистичкиот извештај даде преглед за состојбите на поштенскиот пазар, поточно за развојот поштенскиот пазар, вклучувајќи податоци за вработени во овој сектор, остварен обем, број на поднесени рекламации, развој на поштенската мрежа и сл.

***Краток приказ на Статистичкиот Извештај за поштенските активности во 2022 година во Република Северна Македонија***

Обемот на поштенскиот пазар во Република Северна Македонија во 2022 година изнесувал 35.826.593 поштенски пратки и истиот беше намален за 4,76 % во споредба со 2021 година.

[6] https://ap.mk/mk/brosuri
[7] https://ap.mk/mk/statisticki-izvestai-postenski-uslugi

АД „Пошта на Северна Македонија“ имаше намалување на обемот за 7,5% во 2022 година во споредба со 2021 година. Но, со намалување на обемот кај давателот на универзалната услуга беше забележан постојан раст кај давателите на поштенските услуги на слободен пазар, кои во 2022 година имаа зголемување на обемот за 7,3 % во однос на 2021 година.

***Вкупен обем кај АД „Пошта на Северна Македонија“ и кај другите даватели на поштенски услуги 2016-2022 година***






Споредбено со неколку години наназад, беше забележано опаѓање на бројот на пратките за кореспонденција, заради промена на потребите за начинот на користење на овој вид на поштенски пратки и поголемата употреба на електронската технологија.

Во 2022 година, АД „Пошта на Северна Македонија“ имаше зголемување на обемот на пакетите во однос на 2021 година за 7%.

***Број на пакети во рамки на универзалната услуга – АД Пошта на Северна Македонија 2016 -2022 година***

| *АД „Пошта на Северна Македонија“* | 2016 година | 2017 година | 2018 година | 2019 година | 2020 година | 2021 година | 2022 година |
|---|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***Пакети*** | 112,229 | 110,488 | 88,481 | 111,886 | 90,662 | 129,840 | 138,872 |

***Обем на пратки за кореспонденција и пакети кај даватели на поштенски услуги на слободен пазар - (2016/2022 година)***




Графиконот покажува дека давателите на поштенските услуги на слободен пазар со годините ги менуваат видовите на поштенските услуги, односно на почетокот обемот на писмата и пакетите бил скоро еднаков, а во 2022 година најмногу обезбедуваат пакети.

Во 2022 година, имаше намалување на пратките по глава на жител во однос на бројот на пратки во 2021 година кој изнесувал 20,4 %.

Вкупниот приход кај сите даватели на поштенски услуги во 2022 година во однос на 2021 година беше зголемен за околу 13%.

***Движење на приходите кај давателите на поштенски услуги 2016/2022 година (изразено во денари)***



# 11. СОРАБОТКА

## 11.1. Меѓународна соработка

Во вториот квартал, во делот на меѓународната соработка беа реализирани следните активности:

### Група на Европски регулатори за поштенски услуги (ЕРГП)

#### Работна група за регулаторна рамка

Во рамките на активностите на Работната група за регулаторна рамка од страна на преставниците на Агенцијата за пошти беше одговорено на 2 прашалника, врз основа на кои од страна на Работната група беше изработен предлог Извештајот за модернизација на универзалната услуга. Предлог - Извештајот беше усвоен на пленарната седница на ЕРГП која се одржа во Ларнака, Кипар во период од 22 до 24 јуни 2023 година.

#### Работна група за меѓународна достава на пакети

На 19 април 2023 година, во Бон, Сојузна Република Германија се одржа состанок на **Работната група за меѓународна достава на пакети**, чиј домаќин беше Федералната мрежна агенција за енергетика, гас, телекомуникации, пошта и железници - BNetzA- https://www.bundesnetzagentur.de/EN/Home/home_node.html ).

Состанокот беше организиран во хибриден формат, и на истиот учествуваа и претставници на Агенцијата за пошти.На состанокот се дискутираше за теми поврзани со членот 11 од Регулативата за меѓународна достава на пакети 2018/644, според кој Европската Комисијата треба да го оцени степенот на потешкотии при примената на Регулативата. Исто така беа разгледани и одделни случаи на 6 држави каде што при извршување на

тарифни проценки започнувајќи од 2019 година се откриени неразумно високи цени-тарифи, како и други прашања.

**Работна група за одржливост**

Со одговор на прашалникот со кој се анализираа државните политики и активности, како и внатрешните состојби кај давателите на поштенски услуги по однос на превземени мерки и инвестиции во еко-решенија за намалување на CO2 емисии, преставниците на Агенцијата за пошти активно учествуваа во работата на работната група за одржливост.

*Twinning Project: MK 14 IPA OT 01 18*
*"Strengthening of the capacities of the Postal Agency"*

**TAIEX Мисија за ревизија на Твининг проектот**



Во периодот од 29 мај до 01 јуни 2023 година, Агенцијата за пошти беше домаќин на консултантите – експерти од поштенската област од Република Хрватска кои беа задолжени за спроведување на мисијата за оцена на Твининг проектот (Twinning Review Mission). Во рамки на мисијата беа оценувани резултатите и активностите на 4-те компоненти кои беа составен дел од Твининг проектот. На 4-дневните активностите учествуваа покрај вработените на Агенцијата за пошти, и претставници на Министерството за транспорт и врски и АД „Пошта на Северна Македонија", (кои беа дел од учесниците и на Твининг проектот). Извештајот кој ќе биде подготвен од страна на експертите ќе биде доставен до Делегацијата на Европска Унија во Скопје и до Агенцијата за пошти во следниот квартал.

На 13.06.2023 година се одржа работилница на тема „Споделување електронски напредни податоци (EAD) во Северна Македонија помеѓу Царинската управа и назначениот давател на универзалната услуга" во организација на германското друштво за меѓународна соработка ГИЗ преку

програмата - Отворен Регионален Фонд за Југоисточна Европа – Надворешна трговија, со поддршка на ЦЕФТА. На работилницата присуствуваа претставници на Агенцијата за пошти, Царинската управа, АД „Пошта на Северна Македонија", ГИЗ, како и експертите кои ја спроведоа работилницата Волтер Трезек и Мартин Фул.

Во рамките на дводневниот состанок кој се одржа во Загреб на 08-ми и 9-ти мај 2023 година, Агенцијата за пошти размени искуства со Хрватската Регулаторна Агенција за мрежни индустрии (ХАКОМ), кои можат да се применат во регулирањето на националните пазари на поштенски услуги.

Регулаторните тела надлежни за регулирање на пазарот на поштенски услуги на Република Северна Македонија и Република Хрватска потпишаа **Меморандум за соработка во областа на регулација на пазарот на поштенски услуги.** Меморандумот во име на Агенцијата за пошти го потпиша директорката Билјана Аврамоска Ѓореска, а во име на ХАКОМ, директорот Миран Госта.



## 11.2. Соработка со домашни институции

Во кварталниот период, Агенцијата за пошти оствари соработка со повеќе домашни институции.

E-COMMERCE Macedonian Association На 03.04.2023 година се одржа Годишно Собрание на Асоцијацијата за е-трговија на Македонија (АЕТМ), на кое присуствуваше и Агенцијата за пошти како почесен член на Асоцијацијата. Поздравно обраќање на Годишното Собрание имаа претседателката на АЕТМ, министерот за финансии, Фатмир Бесими, како и директорката на Агенцијата за пошти, Билјана Аврамоска Ѓореска, која меѓудругото истакна:*„Развојот на е – трговијата има големо влијание врз трансформацијата на пазарот на поштенски услуги, но од друга страна со сигурност може да се истакне дека, основен столб и* ***важна алка во синџирот која го заокружува успешниот циклус на е-трговијата*** *е квалитетната и брза достава од страна на давателите*

*на поштенски услуги.* https://ap.mk/mk/230405-direktorkata-na-agencija-za-poshti-na-godishnoto-sobranie-na-asocijacijata-za-e-trgovija-na

Претставници на Агенцијата за пошти и Царинската Управа на Република Северна Македонија, со цел подобро запознавање на обврските на давателите на поштенски услуги при обезбедување меѓународни поштенски услуги, нелојална конкуренција и сузбивање на сивата економија при размената на поштенски пратки во меѓународниот сообраќај, разменуваа информации, прописи и искуства од заеднички интерес. Со цел продлабочување на соработката од страна на Царинската управа беше предложено формирање и работна група со учество на експерти од областа, која ќе се реализира во следниот период.

Преставник на Агенцијата за пошти учествуваше на презентација на Извештајот од 5-от круг на евалуација на системот за спречување перење пари и финансирање тероризам на Република Северна Македонија усвоен од страна на Комитетот Moneyval при советот на Европа. Заслуги за позитивниот Извештај има и Агенција за пошти која како субјект од Законот за спречување пари и финансирање тероризам преку номинирани преставници од страна на директорката учествуваше во работните состаноци на Управата за финансиско разузнавање и Комитетот Moneyval при Советот на Европа.



## 12. Јакнење на институционалните капацитети

### 12.1. Човечки ресурси

Во вториот квартал, Агенцијата постапуваше по повеќе предмети кои се однесуваа на правата од работен однос и други права на избраните и именувани лица во Агенцијата, соодветни консултации со сродни институции, евиденција

за отсуство/присуство-континуирано, извештаи за платен список, годишни одмори, (решенија, извештај и распоред), извештаи со податоци за стаж на вработените од ПИОМ, и други предмети.

Бројот на вработени во Агенција за пошти, на крајот на вториот квартал изнесува вкупно **17**, од кои 15 административни службеници, 1 работник ангажиран на определено време преку Агенција за привремени вработувања МОТИВИ и директор.

### 12.2. Годишен план за вработување во 2023 година

Во извештајниот период немаше реализација на Годишниот план за вработување на Агенцијата за пошти за 2023 година.

### 12.3. Вработување и престанок на работен однос



Во извештајниот период со Решение за отказ на договорот за вработување без отказен рок и престанок на работниот однос бр.04-101/5 од 18.04.2023 година, беше откажан договорот за вработување на административниот службеник - вработен во Стручната служба на Агенцијата за пошти, согласно член 82 став 1 алинеја 1 од Законот за работните односи, како и според член 96 став 5 алинеја 7 од КД на Агенцијата за пошти.

Во вториот квартал немаше постапки за вработувања.



### 12.4. Реализација на Годишниот план за обуки за 2023 година

Во насока на унапредување на стручното оспособување и усовршување, вработените во Агенцијата за пошти учествуваа на следните обуки на тема:

- „Примена на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер“, одржана на 27.04.2023 година, во организација на Агенцијата

за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, на која присуствуваше 1 вработен;

- Во рамките на проектот „Активност за анти-корупција и интегритет“, беше одржана специјализирана обука за спроведување на системот на интегритет во период од 08.05.2023 година до 10.05.2023 година, во организација на Државна Комисија за спречување на корупција, на која присуствуваше 1 вработен, кој воедно е назначен за лице за интегритет ;

Во вториот квартал од 2023 година, беа реализирани **2 учества** на вработени на **2 обуки.** Учеството на вработените на овие настани за стручно усовршување по организациони единици во Агенцијата може да се види на следната слика:






### 12.5. Плата, надоместоци на плата и други надоместоци, одмори и отсуства

Во вториот квартал Агенцијата за пошти редовно и навреме исплатуваше плата и надоместоци за членовите на Комисијата, вработените (административни службеници и лица ангажирани на определено време), и директорот. Во овој квартален период беа исплатени додатоци на плата за извршен надзор на 6 овластени лица за вршење на надзор, како и додаток за прекувремена работа.

### 12.6. Годишни одмори

Во вториот квартал, Агенцијата за пошти постапуваше по барањата на вработените за користење на преостанатите делови од годишниот одмор за

2022 година и слободни денови по друг основ од Колективниот договор, за кои беа издадени соодветни поединечни акти. Заклучно со 30.06.2023 година, сите вработени во Стручната служба на Агенцијата за пошти го искористија годишниот одмор за 2022 година.

### 12.7. Полугодишно интервју

Во законскиот рок до 30.05.2023 година, во Агенцијата за пошти беа спроведени полугодишни интервјуа на 15 административни службеници.

### 12.8. Канцелариско и архивско работење

Во извештајниот период континуирано се постапуваше согласно актите за канцеларискoто и архивско работење во Агенцијата за пошти.

## 13. Јавни набавки



Во месец април 2023 година беа внесени податоци за квартална евиденција за набавки под праговите и посебни услуги за периодот 01.01.2023 до 31.03.2023 и истата беше објавена под бр.05-31/2 од 13.04.2023 на ЕСЈН.

Во извештајниот период беа изработени тендерски документации за јавните набавки во 2023 година и тоа:

- Тендерска документација за ангажирање на Агенција за вработување за 2023 година;
- Тендерска документација за набавка на канцелариски материјали и тонери за 2023 година и,
- Тендерска документација за чистење на просториите на Агенција за пошти за 2023 година.

Наведените постапки за Јавни набавки продолжуваат и во следниот квартал.

## 14. Транспарентност на работата

### 14.1. Комисија на Агенција за пошти

Комисијата на Агенцијата за пошти во вториот квартал од 2023 година одржа **4 состаноци**[8] на 14.04.2023 година, 04.05.2023 година , 05.06.2023 година и 29.06.2023 година.

На состаноците, членовите на Комисијата разгледуваа, усвоија и дадоа согласност за материјали и документи од тековното работење на Агенцијата:

- Усвоен Првиот Квартален Извештај за 2023 година;
- Согласност за донесување на Одлука за потреба за вработување;
- Одлука за службен пат на директорката во странство;
- Решение за втор дел на годишен одмор за 2022 година на директорката;
- Решение за трет дел на годишен одмор за 2022 година на директорката,
- Согласност за Измена на Годишниот план за вработување за 2023 година.



### 14.2. 20-ти Јавен состанок на Агенцијата за пошти

Почитувајќи го принципот на транспарентно работење, во просториите на хотел Мериот на 23 мај 2023 година беше одржан 20-от јавен состанок на Агенцијата за пошти, на кој пред чинителите во поштенскиот сектор беа презентирани тековните активности, плановите за делување во идниот период, како и Статистичкиот извештај за поштенските активности во Република Северна Македонија за 2022 година.

На јавниот состанок присуствуваа претседателот на Комисијата на Агенција за пошти Борче Груевски, членовите на Комисијата Владимир Кировски и Ѓорѓи Михаилов, генералната директорка на А.Д. "Пошта на Северна Македонија" Бујаре Абази, како членови на Управниот одбор на давателот на универзалната услуга, претседателката на Асоцијација за Е-трговија на Македонија, Нина Ангеловска, претставници на Министерството за транспорт и врски, Министерството за внатрешни работи, Собранието на

[8] https://ap.mk/mk/sostanoci-na-komisija

Република Северна Македонија, претставници на давателите на поштенски услуги, медиумите, како и други поканети гости од институциите со кои соработува Агенцијата за пошти.

Во своето воведно обраќање, директорката на Агенција за пошти, Билјана Аврамоска Ѓореска, говореше меѓудругото и за промовирање на конкуренцијата како една од надлежности на Агенцијата, притоа истакна дека „Еден од трендовите за кој воедно се реферира и во Извештаите и анализите на Групата на европски регулатори за поштенски услуги е дека промовирањето на конкуренцијата на пазарите за писма останува валидно и важно. Промовирањето на конкуренцијата во сегментот на писма е особено важно и во нашата земја каде што обемот на писма е сè уште и веројатно ќе остане значаен сегмент во вкупниот обем на услуги на давателот на универзалната услуга“.

На 20-от јавен состанок на Агенцијата за пошти беа доделени признанија на:



**ЕКО ЛОГИСТИК СЕРВИС ДООЕЛ Скопје** – давател на поштенски услуги (со Општо овластување за обезбедување на поштенски услуги издадено во 2018 година, со проширување на портфолиото на услуги и мрежа во 2019 година) **за најголем остварен обем на пакети од сите даватели на поштенскиот пазар, и најголем остварен обем на поштенските услуги** (пратки за коресподенција и пакети) од сите приватни даватели на поштенски услуги на слободниот пазар;

**АД „Пошта на Северна Македонија“**– како давател на универзалната услуга (со индивидуална дозвола издадена во 2008 година и продолжена во 2014 година со неограничено времетраење) **за обезбедување на универзалната услуга** на целата територија на Република Северна Македонија, постојано по пристапни цени за сите корисници. АД „Пошта на Северна Македонија“ во 2022 година оствари вкупен обем од 28,256,214 поштенски пратки, односно во рамки на универзалната услуга остварени се 27.874.656 пратки односно 98,7 % од вкупно остварениот обем. Вкупиот број на вработени изнесува 1.998, што значи дека АД „Пошта на Северна Македонија“ е

најголемиот работодавач на поштенскиот пазар со 64 % од вкупниот број на вработени лица во поштенскиот пазар.

https://ap.mk/mk/230523-odrzhan-20-ti-javen-sostanok-na-agencijata-za-poshti





Настанот беше медиумски покриен од страна на МИА-медиумска информативна агенција, Македонска Радио Телевизија.



### 14.3. Слободен пристап до информации

Во вториот квартал до Агенцијата беа доставени **2 барања за пристап до информации од јавен карактер** од страна на Институтот за демократија и економски анализи, на кои беше позитивно одговорено во законскиот рок.

Во насока на проактивна транспарентност, Агенцијата на својата веб страница ги објави Барањата за пристап до информации од јавен карактер кои пристигнале во Агенцијата, како и одговорите/решенијата на истите за 2020 година, 2021 година и 2022 година[9].



[9] http://ap.mk/mk/sloboden-pristap-informacii-javen-karakter

## 15. Реализација на Финансискиот План за 2023 година и состојба на побарувањата и обврските - втор квартал

Заклучно со 30.06.2023 година Агенцијата реализираше приходи во износ од 11.094.367 денари или 29,98% од планираните во Финансискиот план за 2023 година и расходи во износ од 10.987.498 денари или 29,70% од планираните во Финансискиот план за 2023 година.

Од вкупно реализираните приходи најголем дел отпаѓа на приходите од годишен надоместок од давателите на поштенски услуги од претходни години (конто 750) –11.000.000 денари, а реализирани се и приходи од пренесениот дел од вишокот на приходи од 2022 година – 94.367 денари (конто 770).

Од вкупно реализираните расходи најголем дел отпаѓа на расходите за плати на вработените во Агенцијата во износ од 6.957.539 денари (конто 460), расходи за Комисијата на Агенцијата за пошти во износ од 1.533.473 денари (конто 41710, 41716, 47001 и 47003), расходите за службени патувања во износ од 731.022 денари (конто 413), расходите за потрошена енергија во износ од 417.311 денари (конто 401), расходи за наемнини за деловните простории на Агенцијата во износ од 341.446 денари (конто 408), расходи за услуги за привремени вработувања во износ од 269.382 денари (конто 41735), а реализирани се и останати расходи во износ од 737.325 денари.

Агенцијата заклучно со 30.06.2023 година има ненаплатени побарувања од давателите на поштенски услуги за годишен надоместок во вкупен износ од 751.085 денари, сите од претходни години. Заклучно со 30.06.2023 година, не се изготвени Решенијата за годишен надомест за 2023 година за давателите на поштенски услуги.

Од побарувањата од претходни години, во вториот квартал од 2023 година, наплатени се 12.000.000 денари, од кои во месец Јануари 2023 година наплатени се 1.000.000 денари и истите во сметководствената евиденција се евидентирани како приход во 2022 година. Од износот на побарувањата од претходни години најголем дел опфаќа побарувањето од АД „Пошта на Северна

Македонија“ – 259.790 денари, додека за сите останати побарувања во износ од 491.295 денари е покрената постапка за присилна наплата преку извршител.

Агенцијата има и побарувања од давателите на поштенски услуги за камати за задоцнето плаќање во износ од 5.325 денари, од кои 1.171 денари се побарувања од Каматни листи за ненавремено плаќање на надоместокот за 2022 година, а 4.105 денари се побарувања од Каматни листи за ненавремено плаќање на надоместокот за 2019, 2020 и 2021 година, од кои за најголем дел е покрената постапка за присилна наплата преку извршител.

Агенцијата заклучно со 30.06.2023 година има други побарувања во износ од 75.360 денари од кои 70.197 денари се побарувања за исплатен депозит кон Градски Трговски Центар за деловните простории, 3.300 денари се побарувања од вработените во АП и 1.863 денари се побарувања за авансни плаќања на обврски.

Агенцијата заклучно со 30.06.2023 година има вкупно обврски во износ од 212.788 денари, од кои 176.453 денари кон Градски Трговски Центар за наемнини и комуналии за деловните простории, 7.115 денари за чистење на деловните простории, 6.900 денари за материјали за чистење и одржување, 5.600 денари за репрезентација – подароци, 1.700 денари за колективно осигурување на вработените, 13.432 денари обврски кон вработените и 1.588 денари обврски за данок на личен доход.

Состојбата на обврските и побарувањата е заклучно со 03.07.2023 година.

### Извештаи до надлежни институции

Во законски рок, поднесени се месечни извештаи за март, април и мај 2023 година преку Електронскиот систем за пријавување и евиденција на обврските, а согласно Законот за пријавување и евиденција на обврски.

| **Прилог 2 - Реализација на финансискиот план за 2023 година -втор квартал** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Агенција за пошти Скопје** | | | | | |
| 1. ПРИХОДИ | | | | | |
| | | | | | |
| **Конто** | **Опис на Конто** | **Планиран износ 2023** | **Реализиран износ 2023** | **4/3*100** | **4/вкупни приходи*100** |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 72 | **Приходи од камати и позитивни курсни разлики** | **2.305.000,00** | **0,00** | **0,00%** | **0,00%** |
| 720 | **Приходи од камати** | **2.300.000,00** | **0,00** | **0,00%** | **0,00%** |
| 72002 | Приходи од камати-даватели на поштенски услуги | 2.300.000,00 | | 0,00% | 0,00% |
| 721 | **Приходи од позитивни курсни разлики** | **5.000,00** | **0,00** | **0,00%** | **0,00%** |
| 72101 | Приходи од позитивни курсни разлики | 5.000,00 | | 0,00% | 0,00% |
| 75 | **Сопствени приходи** | **25.000.000,00** | **11.000.000,00** | **44,00%** | **99,15%** |
| 750 | **Сопствени приходи - приходи од годишен надоместок од давателите на поштенските услуги** | **25.000.000,00** | **11.000.000,00** | **44,00%** | **99,15%** |
| 75001 | Сопствени приходи од годишен надоместок од давателите на поштенски услуги | 25.000.000,00 | 11.000.000,00 | 44,00% | 99,15% |
| 76 | **Други приходи** | **900.000,00** | **0,00** | **0,00%** | **0,00%** |
| 760 | **Други приходи** | **900.000,00** | **0,00** | **0,00%** | **0,00%** |
| 7600 | Други приходи | 900.000,00 | | 0,00% | 0,00% |
| 77 | **Пренесен дел од вишокот на приходи од претходната година** | **8.795.000,00** | **94.367,00** | **1,07%** | **0,85%** |
| 770 | **Пренесен дел од вишокот на приходи од претходната година** | **8.795.000,00** | **94.367,00** | **1,07%** | **0,85%** |
| 77001 | Пренесен дел од вишокот на приходи од претходната година | 8.795.000,00 | 94.367,00 | 1,07% | 0,85% |
| 7 | **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **37.000.000,00** | **11.094.367,00** | **29,98%** | **100,00%** |
| | | | | | |
| 2. РАСХОДИ | | | | | |
| | | | | | |
| **Конто** | **Опис на Конто** | **Планиран износ 2022** | **Реализиран износ 2022** | **4/3*100** | **4/вкупни расходи*100** |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 40 | **МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ, УСЛУГИ И АМОРТИЗАЦИЈА** | **3.793.000,00** | **1.098.143,00** | **28,95%** | **9,99%** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **400** | **Потрошени материјали** | **420.000,00** | **112.741,00** | **26,84%** | **1,03%** |
| 40000 | Потрошено гориво | 72.000,00 | 7.550,00 | 10,49% | **0,07%** |
| 40001 | Потрошени канцелариски материјали | 120.000,00 | 47.853,00 | 39,88% | **0,44%** |
| 40003 | Други административни материјали | 30.000,00 | 2.927,00 | 9,76% | **0,03%** |
| 40004 | Други потрошени материјали | 60.000,00 | 13.900,00 | 23,17% | **0,13%** |
| 40010 | Потрошена вода | 10.000,00 | 3.171,00 | 31,71% | **0,03%** |
| 40011 | Други комунални услуги-ѓубретарина | 18.000,00 | 7.416,00 | 41,20% | **0,07%** |
| 40012 | Весници и списанија | 10.000,00 | 0,00 | 0,00% | **0,00%** |
| 40013 | Стручна литература | 40.000,00 | 21.900,00 | 54,75% | **0,20%** |
| 40021 | Ситен инвентар | 60.000,00 | 8.024,00 | 13,37% | **0,07%** |
| **401** | **Потрошена енергија** | **1.000.000,00** | **417.311,00** | **41,73%** | **3,80%** |
| 40100 | Кондиционирање (греење, ладење) | 550.000,00 | 241.942,00 | 43,99% | 2,20% |
| 40102 | Електрична енергија | 450.000,00 | 175.369,00 | 38,97% | 1,60% |
| **403** | **Други услуги** | **1.003.000,00** | **152.961,00** | **15,25%** | **1,39%** |
| 40301 | Пошта | 45.000,00 | 3.376,00 | 7,50% | 0,03% |
| 40304 | Регистрација и испитување на возило | 10.000,00 | 0,00 | 0,00% | 0,00% |
| 40305 | Телефон и телефакс | 40.000,00 | 14.958,00 | 37,40% | 0,14% |
| 40306 | Услуги за копирање, печатење и издавање | 300.000,00 | 820,00 | 0,27% | 0,01% |
| 40307 | Службен весник | 20.000,00 | 0,00 | 0,00% | 0,00% |
| 40308 | Надомест за паркинг простор | 30.000,00 | 0,00 | 0,00% | 0,00% |
| 40309 | Чистење на деловни простории | 120.000,00 | 39.525,00 | 32,94% | 0,36% |
| 40313 | Други услуги (изнајмување, дезинфекција и сл.) | 245.000,00 | 28.373,00 | 11,58% | 0,26% |
| 40310 | Поправка и одржување на компјутерска опрема | 70.000,00 | 20.769,00 | 29,67% | 0,19% |
| 40314 | Поправка и сервисирање на возила | 61.000,00 | 300,00 | 0,49% | 0,00% |
| 40315 | Поправка и одржување на останата опрема | 19.000,00 | 2.360,00 | 12,42% | 0,02% |
| 40318 | Поправка и одржување на софтвер за сметководство | 43.000,00 | 42.480,00 | 98,79% | 0,39% |
| **404** | **Превозни-транспортни услуги** | **25.000,00** | **11.174,00** | **44,70%** | **0,10%** |
| 40401 | Превозни-транспортни услуги | 25.000,00 | 11.174,00 | 44,70% | 0,10% |
| **405** | **Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација** | **360.000,00** | **62.510,00** | **17,36%** | **0,57%** |
| 40501 | Издатоци за репрезентација | 300.000,00 | 62.510,00 | 20,84% | 0,57% |
| 40502 | Издатоци за реклама, пропаганда | 60.000,00 | 0,00 | 0,00% | 0,00% |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **408** | **Наемнини** | **985.000,00** | **341.446,00** | **34,66%** | **3,11%** |
| 40801 | Наемнини за канцелариски простор | 985.000,00 | 341.446,00 | 34,66% | 3,11% |
| **41** | **ДРУГИ РАСХОДИ** | **9.234.000,00** | **2.761.887,00** | **29,91%** | **25,14%** |
| **410** | **Провизија за платен промет** | **50.000,00** | **17.274,00** | **34,55%** | **0,16%** |
| 41000 | Провизија за платен промет | 40.000,00 | 16.274,00 | 40,69% | 0,15% |
| 41001 | Провизија за купопродажба на девизи | 10.000,00 | 1.000,00 | 10,00% | 0,01% |
| **412** | **Премии за осигурување** | **61.000,00** | **17.927,00** | **29,39%** | **0,16%** |
| **413** | **Дневници за службени патувања и патни трошоци** | **2.000.000,00** | **731.022,00** | **36,55%** | **6,65%** |
| **414** | **Надоместоци на трошоци на работници** | **700.000,00** | **90.544,00** | **12,93%** | **0,82%** |
| **415** | **Негативни курсни разлики** | **6.000,00** | **352,00** | **5,87%** | **0,00%** |
| **416** | **Членарини** | **5.000,00** | **0,00** | **0,00%** | **0,00%** |
| **417** | **Интелектуални и други услуги** | **6.178.000,00** | **1.901.794,00** | **30,78%** | **17,31%** |
| 41701 | Други услуги-хост за интернет страна | 20.000,00 | 20.000,00 | 100,00% | 0,18% |
| 41709 | Други услуги-систематски преглед | 61.000,00 | 0,00 | 0,00% | 0,00% |
| 41710 | Надомест за Комисија - тековна година | 3.200.000,00 | 1.374.972,00 | 42,97% | 12,51% |
| 41712 | Надомест по договор | 180.000,00 | 56.000,00 | 31,11% | 0,51% |
| 41716 | Надомест на трошоци на членови на Комисијата - тековна година | 130.000,00 | 5.152,00 | 3,96% | 0,05% |
| 41721 | Ревизија на финансиски извештаи | 95.000,00 | 94.400,00 | 99,37% | 0,86% |
| 41722 | Консултантски услуги | 930.000,00 | 10.842,00 | 1,17% | 0,10% |
| 41723 | Услуги за истражување на пазарот | 160.000,00 | 0,00 | 0,00% | 0,00% |
| 41734 | Обуки за стручно усовршување | 200.000,00 | 24.453,00 | 12,23% | 0,22% |
| 41735 | Услуги за привремени вработувања | 900.000,00 | 269.382,00 | 29,93% | 2,45% |
| 41736 | Услуги за архивирање | 180.000,00 | 0,00 | 0,00% | 0,00% |
| 41790 | Други услуги (фотограф, монтажа и сл.) | 61.000,00 | 40.810,00 | 66,90% | 0,37% |
| 41791 | Други услуги - превод | 61.000,00 | 5.783,00 | 9,48% | 0,05% |
| **418** | **Останати други расходи** | **234.000,00** | **2.974,00** | **1,27%** | **0,03%** |
| 41801 | Други расходи (огласи, стандарди, извршители и сл.) | 231.000,00 | 2.163,00 | 0,94% | 0,02% |
| 41820 | Камата за придонеси и даноци од плата | 2.500,00 | 781,00 | 31,24% | 0,01% |
| 41826 | Камата за задоцнето плаќање | 500,00 | 30,00 | 6,00% | 0,00% |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **44** | **КАПИТАЛНИ И ДРУГИ СРЕДСТВА** | **441.000,00** | **0,00** | **0,00** | **0,00%** |
| **441** | **Средства за опрема** | **441.000,00** | **0,00** | **0,00%** | **0,00%** |
| 4410 | Средства за мебел | 130.000,00 | 0,00 | 0,00% | 0,00% |
| 4410 | Средства за компјутерска опрема | 250.000,00 | 0,00 | 0,00% | 0,00% |
| 4410 | Средства за компјутерски софтвер | 61.000,00 | 0,00 | 0,00% | 0,00% |
| **46** | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТИ НА ПЛАТИ** | **23.000.000,00** | **6.957.539,00** | **30,25%** | **63,32%** |
| **460** | **Вкалкулирани плати** | **23.000.000,00** | **6.957.539,00** | **30,25%** | **63,32%** |
| 4600 | Основни плати | 15.110.000,00 | 4.582.044,00 | 30,32% | 41,70% |
| 4600 | Придонеси од плати | 7.890.000,00 | 2.375.495,00 | 30,11% | 21,62% |
| **47** | **ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ КОИ НЕ ЗАВИСАТ ОД РЕЗУЛТАТОТ** | **532.000,00** | **169.929,00** | **31,94%** | **1,55%** |
| **470** | **Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот** | **532.000,00** | **169.929,00** | **31,94%** | **1,55%** |
| 47001 | Персонален данок - Надомест за Комисија - тековна година | 356.000,00 | 152.777,00 | 42,91% | 1,39% |
| 47003 | Персонален данок - Комисија (надомест на трошоци) - тековна година | 14.500,00 | 572,00 | 3,94% | 0,01% |
| 47004 | Персонален данок - Договор | 20.000,00 | 6.222,00 | 31,11% | 0,06% |
| 47006 | Персонален данок - други исплати | 141.500,00 | 10.358,00 | 7,32% | 0,09% |
| **4** | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **37.000.000,00** | **10.987.498,00** | **29,70%** | **100,00%** |
| | | | | | |
| | **останати расположливи средства** | **0,00** | **106.869,00** | | |

АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ
Директорка
Билјана Аврамоска – Ѓореска